„Ја прашав Аиша, Аллах нека е задоволен со неа: ‚Зошто жената која е во менструација го надокнадува постот, а не ги надокнадува намазите?‘

Муаза раскажува: „Ја прашав Аиша, Аллах нека е задоволен со неа: ‚Зошто жената која е во менструација го надокнадува постот, а не ги надокнадува намазите?‘ Таа ми рече: ‚Да не си ти харуријка?‘ Реков: ‚Не сум харуријка, туку само прашувам.‘ Таа рече: ‚И нас тоа нè снаоѓаше, па ни беше наредено да го надокнадуваме постот, а не ни беше наредено да ги надокнадуваме намазите.‘“

[صحيح] [متفق عليه]

Муаза ел-Адевија ја прашала мајката на верниците, Аиша, Аллах нека е задоволен со неа: „Зошто жената после менструација го надокнадува постот, а не ги надокнадува намазите?“ Аиша ја прашала: „Да не си ти од харицiите – харуриите – кои прашуваат инаетејќи се и поради претерана строгост?“ Муаза одговорила: „Не сум харуријка, туку само прашувам.“ Аиша рекла: „И нас нè снаоѓаше менструација во времето на Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, па ни беше наредено да го надокнадиме постот, а не ни беше наредено да ги надокнадиме намазите.“

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3449